YU ISSN 0350-6452

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

7

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

YU ISSN 0350-6452

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

7

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

СКОПЈЕ 1980

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
Год. V бр. 7 1979

СПИСАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА
ОД СРМ, СКОПЈЕ

Редакциски одбор:

Проф. Димче Коцо
Д-р Константин Петров
Д-р Коста Балабанов
Д-р Петар Миљковиќ—Пепек
Д-р Борис Петковски
Антоние Николовски
Љубица Дамјановска
Загорка Расолкоска—Николовска
Трајан Витларски

Одговорен уредник
Антоние Николовски

Тех. уредник
Трајан Витларски

Јазична редакција
Евтим Манев

Коректор
Спиро Ристиќ

Зборникот се печати со средства на Републичката заедница за култура и Друштвото на историчарите на уметноста од СРМ

Адреса: СОЗТ Музеи на Македонија

Печати Граф. завод „Гоце Делчев“, Скопје, Тираж 1 000 примероци

*ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ*

## МИХО ЧАКЕЉА — ПОВЕЌЕСТРАНИ ЛИКОВНИ ИНТЕРЕСИРАЊА

Делото што ни го остави Михо ЧАКЕЉА[1] ни ги открива неговите повеќестрани ликовни интересирања. Како архитект, неговата основна професионална определба, Чакеља проектирал и учествувал на повеќе конкурси на кои добивал награди. Како позначаен се издвојува неговиот проект за уредување и опрема на салонот за свечени приеми на Претседателот на Републиката во зградата на Сојузниот Извршен Совет во Нов Белград.

Чакеља е еден од пионерите на графичкиот дизајн кај нас. Неговата илустрација на книги, учебници и списанија се одликува со едноставен и јасен цртеж, приспособувајќи се кон возраста за која тие се наменети („Милиони џинови" од Славко Јаневски, „Бабино вретенце" — книга за најмалите од 1948 година, Букварот од 1951 година и др.). Смислата за геометриско и декоративно решавање на формата, со издвојување на карактеристичното во мотивот, најмногу доаѓа до израз во плакатот, потоа во марките, банкнотите и туристичките проспекти. Плакатите, што се датирани и пред 1946 година, спаѓаат меѓу првите поуспешни остварувања кај нас. По своите ликовни вредности, тие се меѓу подоброто што Чакеља го направил.

Во карикатурата тој постигнал интересни резултати задржувајќи го нејзиниот интимен, непрезентативен карактер. Основна каракте-

---

[1] Михо Чакеља е роден во Дубровинк, 1909 г. Завршил студии на Архитектонскиот факултет во Белград, 1934 г. Потоа работел како кустос во Народниот музеј во Скопје. Во текот на војната работел како инженер во Градската општинска управа, а по ослободувањето — како архитект во новоформираното проектанско биро на НРМ и како главен уметнички советник во книгоиздателството „Кочо Рацин". Од 1953 па сè до смртта 1977 г. бил професор на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје. Архитектонскиот факултет во Скопје му организира прва изложба на карикатури на годишнината од неговата смрт, а во Центарот за култура и информации на град Скопје беше отворена неговата втора изложба (карикатури, плакати и илустрации) од 3—14. II. 1981 г.

ристика на овие дела е духовито доловување на физиономската сличност со атрибути карактеристични за портретираната личност, нејзината карактерна и професионална определеност. Тоа го постигнал со деформирање и пренагласување, со докрај поедноставената линија и декоративно употребената боја. Кај Чакеља не може да се следат изразите проблемско-стилски целини што ќе сведочат за континуирано истражување во карикатурата; меѓутоа може да се констатира постепено сè посигурно владеење над цртежот, почнувајќи од најрано датирано дело од 1942 до последните од 1975 г. Како покарактеристични целини се издвојуваат карикатурите создадени во 1947, 1955 и 1969 г., со забележлива тенденција кон поедноставување, од скицуозно бележење на мотивот, а тоа е најчесто човечката фигура-портрет, до неговото сведување на основни „конструктивистички" распоредени геометриски форми. Тоа може да се посматра и како определен рефлекс на некои настојувања во македонската карикатура, пред сè од делото на Василие Поповиќ—Цицо, доајенот на македонската карикатура, кој се појави во предвоениот период со јасно оцртана творечка физиономија и остана активен до смртта во 1962 г. Карикатурата на Чакеља е всушност карикатура на моментот, скицуозно и „популарно" решена. Педесеттина зачувани карикатури се непретенциозни по својот карактер и сведочат за уште една активност што ќе биде забележана како скромен податок во недолгата историја на македонската карикатура. Таквото регистрирање е толку поинтересно и потребно кога се знае дека при дедјствувањето на Василие Поповиќ—Цицо, а и нешто порано, е забележано само инцидентно занимавање со карикатура на одделни македонски уметници.

*VLADIMIR VELIČKOVSKI*


**RÉSUMÉ**

MIHO CAKELIJA (Dubrovnik 1909 — Skopje 1977). A partir de 1953, il fut professeur à la faculté d'architecture de l'Université „Cyrille et Méthode" de Skopje.

En tant qu'architecte il a présenté des projets participant à plusieurs concours où il a obtenu des prix. C'est un des pionniers du design graphique chez nous. Il a illustré des livres, des manuels scolaires et des journaux, ensuite des timbres, des porte-monnaie et des prospectus touristiques. A côté de ses activités de peintre il eut une activité d'affichiste. Dans la cinquantaine de caricatures qu'il a faites, il a atteint des résultats intéressants en gardant son caractère intime et non représentatif. Elles sont les témoins d'une activité qui sera remarquée comme une donnée modeste dans la courte histoire de la caricature macédonienne.



Сл. 1. Михо Чакеља (автопортрет)



Сл. 2. Џими Станиќ 1969 г.

СОДРЖИНА

стр.

1. *Проф. Др. Константин Петров,* Уште една потврда за припадноста на протомајсторот скулпторот од Св. Атанас во Лешок кон Приморската уметничка сфера — — — — — — — — — — — — — — — — 3
2. *Борис Петковски,* Автопортретот во творештвото на Никола Мартиноски — — — — — — — — — — — — — — — — — — 11
3. *Соња Абациева Димитрова,* Една средба со сликарството на Вангел Наумовски — — — — — — — — — — — — — — — — — 27
4. *Лилјана Неделковска,* Димо Тодоровски* — — — — — — — — 39
5. *Загорка Расолска-Николовска,* Новооткриената фреска на Богородица Одигитрија во црквата Св. Никола во Зрзе — — — — — — — — 47
6. *Лидија Кумбараџи-Богоевиќ,* Споменичниот комплекс околу Султан-Муратовата џамија во Скопје — — — — — — — — — — — — — 57
7. *Спасе Спировски, Советник-конзерватор,* Конзерваторски интервенции врз фреските во манастирската црква Св. Пантелејмон, с. Нерези — Скопско, во текот на 1963—64, 70, 71 и 72 г. — — — — — — — 63
8. *Спасе Спировски, советник-конзерватор,* Конзерваторски работи врз фреските во манастирската црква Свети Никита — Скопско — — 69
9. *Драгољуб Богоевиќ,* Значењето и улогата на образовната и културно-педагошката дејност на музејот на современата уметност „Скопје" во Скопје — — — — — — — — — — — — — — — — — — 79
10. *Желимир Кошчевиќ* Некои искуства од наставата по музеологија на Филозофскиот факултет во Загреб — — — — — — — — — — 83
11. *Владимир Величковски,* Михо Чокеља — повеќестрани ликовни интересирања — — — — — — — — — — — — — — — — — 88
12. *Владимир Величовски,* I југословенско триенале „Екологија и уметност" — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 91
13. *Љ. Дамјановска,* Добитници на наградата „Нерешки мајстори" на XXXV есенска изложба на ДЛУМ во 1980 година — — — — — 95
14. *Трајан Витларски,* Хроника кон семинарот за поствизантиска уметност — Белград 1980 год. — — — — — — — — — — — — 99
15. *Соња Панчевска,* Хронологија на настани од областа на македонските современи ликовни и применети уметности (Октомври 1979 — декември 1980) — — — — — — — — — — — — — — — — — 103

16. *Јасмина Чокревска—Филип,* John Pope — Hennessy „Italian gotic skulpture“ во издание на Phaidon press, London 1972 — — — — — — 119

17. *Јасмина Чокревска—Филип,* Alan Borg „Architectural sculpture in romanesque Provance“ во едицијата Oxford studies in the history of art and architecture, во издание на Oxford university press, London 1972 — — — — — — — — — — — — — — — — — 121

18. *Јасмина Чокревска—Филип,* Ernst Kitzinger „The art of Byzantium and the medieval west“ — selected studies во издание на Indiana University Press, 1976 — — — — — — — — — — — — — — — 125

